# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 24.03.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 24.03.2023 година.

2. Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр. 09-390/3
24.03.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ''бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150,21 и 173/22), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани ('' Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на 24.03.2023 година донесе :

## ОДЛУКА
**за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година.

Член 2

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на општина Кривогаштани''.

Бр.08-368/3 Претседател на Совет
24.03.2023 година на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

ПРИЛОГ: Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за измена на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 24.03.2023 година.

2. Одлуката за измена на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-390/2 Градоначалник на
24.03.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на Р.М“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 27 од Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници ( „Службен весник на Р.М“ бр.61/02; 98/02; 81/05; 24/11 и 145/15 ) и член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 24.03.2023 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за измена на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година и тоа:

-Во член 2 став 1 зборовите: ,,Салдо буџет-сметка за донации 3,763,800.00 денари,, се заменуваат со зборовите: ,,Салдо буџет- сметка за самофинансирачки активности 409.306,00 денари,,.

-Ставот 4 се менува и гласи: ,,Салдо на буџет на сметка за самофинансирачки активности 409.306,00 денари се пренесува како прилив на буџетот на самофинансирање на општина Кривогаштани за 2023 г.,,

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-368/4
24.03.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 24-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 24.03.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1. Заклучок за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година.......................................................................................1

- Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година.......................................................................................................................1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за измена на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година..............................................................2

-Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година.......................................................................................................................3

ПРИЛОГ:-Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**